***Автор:*** *Македонски центар за меѓународна соработка*
***Дата:*** *март 2017*
***ISBN:***
***PDF:*** sledenje-na-dksk-kvartalen-izveshtaj-br-5.pdf
***Резиме МК:*** rezime-od-sledenje-na-rabotata-na-dksk-kvartalen-5.pdf
***Резиме АЛ:*** rezime-od-sledenje-na-rabotata-na-dksk-kvartalen-5-alb.pdf
***Резиме ЕН:*** rezime-od-sledenje-na-rabotata-na-dksk-kvartalen-5-ang.pdf



И покрај воспоставената соработка за потребите на проектот, ДКСК **не достави податоци** за овој квартал.

Од вкупно **30 индикатори** следени во периодот на известување, а за кои се следи исполнувањето на законските обврски („обојување на индикаторите“), 12 се остваруваат целосно во согласност со закон, 15 се остваруваат делумно, а три не се остваруваат.

ДКСК има направено **АПЛ за пет закони** од **првиот квартал**, **еден закон од вториот квартал** и **еден закон од четвртиот квартал**. ДКСК **не ги следи во целост планот и динамиката за АПЛ** на веќе донесени закони. На барање на надлежните министерства, ДКСК подготви антикорупциска проверка на Законот за изменување и дополнување на законот за укажувачите и на Закон за изменување и дополнување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

После 11 месеци по завршувањето на изборите, односно во ноември 2017г., за прв пат ДКСК подготви и поднесе посебен извештај за можни злоупотреби на средства за време на предвидените парламентарни избори одржани во декември 2016 г.

ДКСК одржа повеќе работни средби со домашни и странски државни органи. ДКСК склучи меморандум за соработка со Агенцијата за спречување на корупција на Црна Гора и учествуваше и на повеќе конференции, како во земјата така и во странство.

**ДКСК потпиша Меморандум за соработка со две граѓански организации** во насока на спроведување на заеднички активности и споделувања искуства.

Врз основа на спроведената теренска анкета, граѓаните сметаат дека ДКСК го штити поединечниот, а не јавниот интерес. Иако граѓаните ја препознаваат ДКСК како инстиуција која придонесува во борбата против корупцијата и би пријавиле корупција во ДКСК, сепак повеќе од половина од нив смеетаат дека ДКСК со својата работа го штити поединечниот, а не јавниот интерес. Поврзано со ова е и мислењето на повеќе од третина од граѓаните дека ДКСК неефективно ја врши својата работа.

# ШТО СРАБОТИЛА ДКСК

## ВО ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2017?

### КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ

**НЕМА ПОДГОТВЕНИ МИСЛЕЊА** за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата

- ДКСК **не ја следи динамиката на Антикорупциската проверка на легислативата** утврдена со Годишниот план за 2017 година.
- На барање на надлежните министерства, ДКСК подготви **антикорупциска проверка** на **Законот за изменување и дополнување на законот за укажувачите** и на **Закон за изменување и дополнување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата**.

### НАДЗОР И КОНТРОЛА

- ДКСК Подготви **посебен извештај** за **МОЖНИ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА за изборите одржани во декември 2016 година**.
- Одржа **три јавни седници** на кои разгледуваше **15 случаи за непочитување** на одредбите од Изборниот законик.
- Изрече мерка **јавна опомена** за **пет лица** за три отворени предмети.
- **Подготви ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ за 2016 г.**
- Според Службен весник на РМ, **326 лица се избрани и именувани на функција**, а објавени се **АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ** за **68** (20,86%) **лица**.
- Во **РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА** се објавени податоци за **10 (3,07%) лица**.
- **Нема информации** за поведени иницијативи за **прекршочни постапки заради неподнесување** податоци за ажурирање на Регистарот.

### СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА

- ДКСК организираше **дводневна работилница** на тема „Превенција на корупцијата, судирот на интереси и заштита на укажувачите";
- Потпиша **ЧЕТИРИ МЕМОРАНДУМИ** за соработка, размена на искуства, информации и поддршка **ЗАРАДИ УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА**;
- Одржа **работен состанок** со **Мисијата за оценка** за предмети на висока корупција, организиран криминал и перење пари;
- **Имаше средба** со претставници од Правната канцеларија на **Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите**.
- **НЕ СЕ ОДРЖУВААТ** предвидените **квартални средби** со претставници од **граѓанскиот и приватниот сектор**.

### ОТЧЕТНОСТ

- Извештајот за примени пријави од укажувачи за 2016 г., е **поднесен до Собранието во ноември 2017 г.**
- Извештајот за можни злоупотреби на буџетските средства за изборна кампања за предвремените парламентарни избори во декември 2016 г., е поднесен до Собранието во **ноември 2017 г.**
- ДКСК објави вкупно **29 СООПШТЕНИЈА** на веб страната.
- **НЕ КОРИСТИ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ** за споделување на информациите со јавноста.